Трговец поединец за ревизија
КОТЕВ Ристо Костадин Котев
Бр. 03-018
24.03 2016 год.
Гевгелија

Т П ЗА РЕВИЗИЈА **КОТЕВ** – Гевгелија
улица "Јосиф Јосифовски" број 6
тел. 070 218 422; факс 034 611-155
E-mail: kotev@t-home.mk
www.revizijakotev.com

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## за 2015 година

Гевгелија, март 2016

*ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 ГОДИНА*

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010....23/2016) Трговец поединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев од Гевгелија го објавува овој извештај за транспарентност за 2015 година.

Извештајот ги содржи информациите во врска со:

- правната структура и сопственоста
- професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата
- управувачката структура
- внатрешниот систем на контрола на квалитет
- извршена последна контрола на квалитет
- субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на годината
- независноста во работењето
- политика која се следи за континуирано професионално усовршување
- финансиските информации за приходите
- утврдување хонорарот на овластениот ревизор

*1. Опис на правната структура и сопственоста*

Овој извештај се однесува за работењето на ***Трговец поединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев – Гевгелија,*** скратен назив ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија.

Правната форма на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е ***Трговец поединец***.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е основано во ***Република Македонија***, со седиште во ***Гевгелија*** на ул. ***„Јосиф Јосифовски" број 6***.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е основано на ден ***07.02.2014 година***.

Во регистарот на овластени ревизори – трговци поединци, кој се води при Институтот на овластени ревизори на република Македонија, ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е заведен под регистарски број ***ТП 015***.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија работи врз основа на ***лиценца за работа со регистарски број 10*** издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија ***на ден 26.03.2014 година***.

Персоналот на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија на денот кога завршува периодот за кој се известува, како и на денот на изготвувањето на овој извештај, се состои од ***тројца редовно вработени со полно работно време*** и тоа еден овластен ревизор, еден асистент во ревизија и еден овластен книговодител.

Сопственик на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е ***м-р Ристо Котев – овластен ревизор*** со лиценца за работа со регистарски број 75 издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на ден 29.04.2013 година.

Приоритетна дејност/главна приходна шифра на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е ***69.20 – сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.***

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија ***не е основач на други подружници ниту на Друштва*** во Република Македонија ниту во странство.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија согласно член 25 став 3 точка 3 алинеа 4 од Законот за ревизија има годишно осигурување од одговорност од штета предизвикана на трети лица при вршење на професионална дејност – работи на ревизија на сума за ***покривање на штетен настан од 400.000 евра***, односно 24.600.000 денари. Осигурувањето е врз основа на ***полиса број 130090003755*** издадена од АД Осигурителна полиса Скопје, со важност за периодот од 01.01.2016 година до 01.01.2017 година.

## ***2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата***

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија делува на територијата на Република Македонија и ***не е дел од ниту една професионална мрежа,*** било локална, регионална или глобална.

## ***3. Опис на управувачката структура***

Управувањето во ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија е ***едностепено*** и со него во својство на овластено лице ***управува основачот Котев Ристо – овластен ревизор***.

*4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет и изјава за функционирањето на овој систем*

Политиките и постапките за контрола на квалитетот во ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија се спроведуваат согласно Меѓународниот стандард за ревизија 220-Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи. ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија воспоставува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумна сигурност дека ТП за ревизија КОТЕВ и персоналот при ревизиите, проверките на финансиските извештаи и други аранжмани на уверување, работат согласно МСКК1 и дека извештаите за ангажманите на ТП за ревизија КОТЕВ се соодветни на околностите.

ТП за ревизија КОТЕВ ги воспоставува основните принципи за професионална етика кои во себе вклучуваат интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување.

Овластениот ревизор – сопственик и управител на ТП за ревизија КОТЕВ ја извршува функцијата на Проверувач на контролата на квалитет во однос на останатиот персонал. Во случај на ангажман на уште еден овластен ревизор еден од овластените ревизори ја извршува функцијата на проверка на контролата на квалитетот на ангажманите кај кои другиот овластен ревизор е тим-лидер на ангажманот. Оваа функција може да се довери и на друг професионалец, надворешно лице овластен ревизор, особено за ангажманите кај клиенти од јавен интерес.

Управителот одлучува за сите клучни прашања во однос на професионалната пракса. ***Управителот м-р Ристо Котев ја прифаќа одговорноста*** за водење и промовирање на култура на уверување во квалитет во рамките на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија, како и за обезбедување и одржување практични алатки и напатствија заради одржување на квалитетот на ангажманите.

Основните принципи за професионална етика вклучуваат ***интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување***. Персоналот на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија треба да биде лојален на наведените принципи и професионални барања. За зачувување на независноста и придржување кон основните принципи за професионална етика, по потреба, персоналот на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија ќе преземе какви било разумни активности кои се потребни и возможни за да елиминира каква било закана за независноста или

да ја намали до прифатливо ниво, како и да го елиминира непридржувањето кон погоре наведените основни принципи за професионална етика.

Персоналот на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија потпишува ***изјава за доверливост***. Пристапот до податоците е строго контролиран, како до пишаните материјали во хартиена форма кои се чуваат во заштитена просторија, така и кон податоците во електронска форма за кои треба посебна шифра за пристап. Усвоени се посебни процедури за заштита и спасување на податоците во случај на вонредни околности.

ТП за ревизја КОТЕВ Гевгелија ***прави оценка за продолжување на секој ангажман, односно за прифаќање на новите ангажмани***. Дејствијата при проценката се насочени кон расположливите податоци за клиентот или потенцијалниот клиент, како и расположивите ресурси на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија. Во постапката за прифаќање клиент, односно продолжување ангажман, се води сметка за независноста, компетентноста и способноста за извршување на ангажманот, како и оценување на интегритетот на клиентот.

ТП за ревизија КОТЕВ ја препознава вредноста и авторитетот на овластеното лице во сите прашања поврзани со човечките ресурси и има донесено сопствена Политика за човечки ресурси. Управителот, како одговорен за ***човечките ресурси*** има одговорност да:

- Ги одржува политиките за човечки ресурси;
- Идентификување на потребата за ангажирање или вработување нов персонал;
- Идентификување на потребата за промената на политиките како резултат на законите и регулативи за работните односи и за да се остане конкурентен на пазарот;
- Давање совети и консултации за прашања од областа на човечките ресурси;
- Одржување на системи за награди според оценка на успешноста;
- На барање, дава препораки за специфични активности или процедури кои се соодветни на околностите (на пример дисциплина, регрутирање);
- Го составува тимот за ангажманот со назначување на тим-лидер, одговорен на ангажманот, членови на ангажманот и по потреба назначување експерти;
- Планирање на професионален развој во рамките на самото друштво;

- Водење на досиеја на вработените (вклучувајќи ги и годишните изјави за независност, договорт за доверливост и извештаите за континуиран професионален развој);
- Развивање и спроведување на ориентациона обука.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија ***не користи софтвер како алатка во ревизијата***, но има имплементирано сопствени алатки за ревизија согласно МСР, како и ***систем на внатрешната контрола на квалитет***. Кај поединечните ревизорски ангажмани цел на проверката со внатрешната контрола на квалитет се клиентите од јавен интерес, односно финансиските институции, осигурителните компании и акционерските друштва кои котираат на брза. Во текот на 2015 година ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија немаше ангажман кој бара задолжително проверка на квалитетот согласно горенаведениот критериум, поради што таква и не е спроведена. Политиката за внатрешна контрола на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија не ја исклучува можноста за проверка и на ангажмани кои не го задоволуваат крутериумот за задолжителна проверка.

Според политиката на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија, документацијата на ангажманот вклучува:

- документи за постапката на континуитет
- разбирање на субјектот и неговото опкружување
- финансиски извештаи и финансиски анализи
- проценка на ризиците, одредување на материјалността
- планирање на ревизијата
- документирана проверка на класа на трансакции
- правни прашања
- документи за финализирањето на ревизијата
- класифицирање на екстерните информации
- друга документација согласно природата на ангажманот

Според, политиката на ТП за ревизија КОТЕВ, ***финалното комплетирање на досието на секој ангажман мора да заврши најдоцна 60 дена*** по денот на ревизорскиот извештај. При издавањето на два или повеќе извештаи за информации за одредено прашање секој извештај се третира како посебен извештај.

Документација од каков било вид за секој поодделен ангажман ***ќе се чува најмалку седум години*** сметано од првиот ден на годината која следи по годината во која е даден извештајот за тој ангажман.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија доследно се придржува кон усвоениот Правилник за контрола на квалитет како на ниво на поединечни ангажмани така и на ниво на целокупното работење, сè со цел за да осигура дека персоналот се придржува кон интерните акти, политики и процедури при спроведувањето на задачите во ревизорскиот тим. Персоналот подлежи на оценување од тим-лидерот и истото се ***документира во досието на персоналот***.

*Прилог:*

- *Изјава на овластеното лице на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот*

*5. Проверка на системот на контрола на квалитет согласно Законот за ревизија*

Во периодот ***од 10 до 13 февруари 2015 година*** од страна на вработените контролори во Институтот на овластени ревизори на Република Македонија беше спроведена проверка на системот на контрола на квалитет ***за 2014 година*** на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија.

Со проверката ***беше опфатен системот на контрола на квалитет*** воспоставен во ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија, како ***и избрани поединечни ревизорски ангажмани.***

*6. Субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2015 година*

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија во текот на 2015 година изврши законска ревизија на финансиските извештаи за 2014 година кај 27 субјекти, како и ревизија на 11 консолидирани финансиски извештаи за 2014 година и договорна ревизија кај 29 субјекти.

Законска ревизија е извршена кај следниве субјекти:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | АНГРОПРОМЕТ-ТИКВЕШАНКА АД | Кавадарци | |
| 2 | БАЦО П-Т ДОО | Богданци | |
| 3 | БРАКО ДОО | Велес | *и консолидирани* |
| 4 | ДИЕМ Г-П ДОО | Негорци | *и консолидирани* |
| 5 | ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ДОО | Скопје | *и консолидирани* |
| 6 | ЕКСТРА МЕИН ДООЕЛ | Куманово | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | ФЕРО ИНВЕСТ ДОО | Скопје | *и консолидирани* |
| 8 | ФРОТИРКА КОМПАНИ АД | Делчево | |
| 9 | РУСЕ КОМЕРЦ ДООЕЛ | Гевгелија | |
| 10 | ТРАНСБАЛКАН АД | Гевгелија | *и консолидирани* |
| 11 | ВИАСС АД | Скопје | |
| 12 | ШИМОВ ТРАНСПОРТ И КОМПАНИ ДОО | Богданци | |
| 13 | ШТ ДОО | Богданци | *и консолидирани* |
| 14 | ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ | Кавадарци | |
| 15 | ДИМ КОМЕРЦ ДООЕЛ | Валандово | |
| 16 | СЕЛМЕТИ ДОО | Дуброво | *и консолидирани* |
| 17 | ГЛОБАЛ ИМПЕКС ДООЕЛ | Скопје | *и консолидирани* |
| 18 | ВЕМКО ДОО | Скопје | |
| 19 | ИНТЕРГЛОБУС ЛЕБОПЕКАРА ММ ДООЕЛ | Богданци | *и консолидирани* |
| 20 | МАРИЈА ТРЕИД ДОО | Велес | |
| 21 | ВЕТЕРИНАР ДОО | Гевгелија | |
| 22 | ЈПКД КОМУНАЛЕЦ | Гевгелија | |
| 23 | ЕЛАН ДООЕЛ | Неготино | *и консолидирани* |
| 24 | ТХЕ СЛОТС ДОО | Гевгелија | |
| 25 | МАШИНОКОП ДООЕЛ | Кавадарци | |
| 26 | АРКТЕК ДООЕЛ | Скопје | *и консолидирани* |
| 27 | НИКОБ ДОО | Скопје | |

Договорна ревизија е извршена кај следниве субјекти:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | АКВАВАТ ДООЕЛ | Скопје |
| 2 | БРАКО ТРАНС ДООЕЛ | Велес |
| 3 | БРЕБОТЕКС ДОО | Богданци |
| 4 | ДИЕМ Г-П ТРАНС ДООЕЛ | Негорци |
| 5 | ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНС СОЛУШНС ДОО | Скопје |
| 6 | ЕЗЕРО МХЕ ДОО | Скопје |
| 7 | ФЕРО КОМЕРЦ ДООЕЛ | Велес |
| 8 | ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ ДОО | Скопје |
| 9 | ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ ДОО | Скопје |
| 10 | СТУДЕНЧИЦА ДОО | Скопје |
| 11 | ХИДРООСОГОВО ДОО | Скопје |
| 12 | ТРАНСБАЛКАН ПАТНИЧКИ ДООЕЛ | Гевгелија |
| 13 | ДУБРОВО ДООЕЛ | Дуброво |
| 14 | СОЛУН 53 МАРКЕТ ДООЕЛ | Гевгелија |
| 15 | ЏОКЕР ДОО | Фурка |
| 16 | БАСТИОН РЕАЛ ЕСТЕЈТ ДООЕЛ | Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | ЕЛАН ТРАНСПОРТ ДООЕЛ | Неготино |
| 18 | ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО | Скопје |
| 19 | АЛДЕМИ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ | Гевгелија |
| 20 | ПЗУ АПТЕКА БЕЛА ФАРМ | Неготино |
| 21 | ДЕНИ-КОМЕРЦ ЕДЕН ДООЕЛ | Велес |
| 22 | ФИЛИП 2014 ДООЕЛ | Кавадарци |
| 23 | Г5 ПЛУС ДОО | Скопје |
| 24 | КОКА МАРКЕТИ ДООЕЛ | Неготино |
| 25 | МА-БЛА ДООЕЛ | Кавадарци |
| 26 | МЕТАЛ-АПОСТОЛОВ ДООЕЛ | Кавадарци |
| 27 | ПРАСКО ДООЕЛ | Кавадарци |
| 28 | ВЕПАЛ ДОО | Гевгелија |
| 29 | ВРБА ШПЕД ДООЕЛ | Кавадарци |

## *7 Независност на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија и персоналот*

ТП за ревизија КОТЕВ и целиот персонал мораат да бидат независни, како во мислите така и во појавата, од нивните клиенти и ангажмани.

Независноста ќе се одржува за време на целиот период на сите ангажмани за уверување, како што е поставено во и од страна на:

- Меѓународната федерација на сметководители, *Кодекс на Етика на професионалните сметководители* (Кодекс на МФС), особено Глава 290;
- МСКК 1; и
- Меѓународниот стандард за ревизија (МСР) 220, “Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи.”

Доколку заканите за независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до некое прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, ТП за ревизија КОТЕВ ќе ја елиминира активноста, интересот или односот која ја предизвикува заканата, или ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот доколку е тоа можно и не се коси со било каква регулатива.

Членовите на персоналот еднаш годишно доставуваат писмена потврда дека ја разбираат и работат во согласност со глава 290 на Кодексот на МФС и со политиките за независност на ТП за ревизија КОТЕВ.

Персоналот назначен да работи на ангажман на уверување мора да потврди на ТП за ревизија КОТЕВ дека тие се незавсни од клиентот и ангажманот, или да

известат за која било закана или потенцијална закана за независноста со што ќе се овозможи примена на заштитни мерки.

Овие заштитни мерки можат да вклучуваат исклучување од членство во одреден работен тим; престанок или менување на определен вид на работа или услуги кои се извршуваат во ангажманот; откажување од финансискиот или сопственичкиот интерес; престанок или менување на природата на личните или деловните врски со клиентите; поднесување на работата за дополнителна проверка на надворешен професионален сметководител или член на персоналот и преземање на какви било разумни активности кои се соодветни на околностите.

*Прилог:*

- *Изјава на овластеното лице на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за независното работење и спроведување на интерните процедури*

## *8. Политика за континуирано професионално усовршување на персоналот*

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија ги исполнува минималните барања за континуиран професионалниот развој кои се дефинирани во Законот за ревизија, во согласност со Меѓународниот стандард за образование (МСО) 7 на МФС, "Континуирано професионално усовршување: Програма за животно учење и продолжување на развојот за професионалната стручност", кој препорачува телата на членовите на МФС да спроведуваат континуирано професионално усовршување (КПУ) како интегрален дел на континуираното членство на професионалниот сметководител, и МСО 8, "Услови за стручност на професионални ревизори", кој ги пропишува барањата за стручност за професионални ревизори и кои треба да бидат воспоставени од страна на телата членки на МФС преку политики и процедури кои членовите ги задоволуваат.

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија организира континуирано професионално усовршување за персоналот. КПУ се состои од пет сегменти:

- ***Посета на задолжителен број часови организирани од ИОРРМ*** (*задолжително за овластен ревизор*)
- ***Посета на семинари организирани од консултантски куќи***
- ***Предавања организирани во рамките на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија***, *предавања на теми од областа на ревизијата и сметководството наменети за помошниот персонал и ревизорите асистенти, предавач М-р Ристо Котев – овластен ревизор, со подготвен*

*материјал од предавачот и критериум за избор на теми актуелност на материјата (динамика еднаш месечно)*

- ***Предавања од надворешни предавачи***, *предавања на теми од областа на ревизијата и сметководството наменети за целиот персонал, темите по барање од ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија, според горенаведените услови и во склоп на тие термини*
- ***Користење литература од областа на ревизијата*** достапна на интернет, стручни часописи, материјали од предавања одржани во рамките на КПУ при ИОРРМ, стручна литература од областа на ревизијата и слично

За активностите спроведени во склоп на првите четири сегменти се води евиденција за секој член на персоналот.

*Прилог:*

- *Изјава на овластеното лице за политиката на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за континуираното професионално усовршување*

## *9. Финансиска информација за остварените приходи во 2014 година*

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија во текот на 2014 година ги вршеше следниве интелектуални услуги:

- ревизија на финансиски извештаи
- ревизија на консолидирани финансиски извештаи
- други услуги за уверување во квалитет
- даночни, советодавни и консалтинг услуги
- книговодствени услуги

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за 2015 година оствари приход од 3.897.288 денари по следниве основи:

| *Категорија на остварен приход* | 2014 година | 2015 година *износ во МКД* | 2015 година *% учество во в.прих.* | индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|
| Ревизија на финансиски извештаи | 3,144,670 | 3,577,876 | 91.80 | 1.138 |
| Доплнителни услуги за уверување во квалитет | 18,450 | 95,293 | 2.45 | 5.165 |
| Даночни, советодавни и консалтинг услуги | 365,454 | 22,800 | 0.59 | 0.062 |
| Други неревизорски услуги | 0 | 201,263 | 5.16 | н/п |
| *Вкупно приходи од интелектуални услуги:* | *3,528,574* | *3,897,232* | 100.00 | 1.104 |
| Останати приходи | 385,980 | 56 | 0.00 | 0.000 |
| ***Вкупно приходи:*** | **3,914,554** | **3,897,288** | **100.00** | **0.996** |

*<u>10. Основа за утврдување хонораот на овластениот ревизор</u>*

Годишните плати во ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија се пресметуваат врз основа на поминато време на работа, часови на учество во ревизија и остварена добивка за годината. Платите во периодот јануари – ноември се исплатуваат аконтативно по основ на поминати часови на работа.

Остварените приходи од ревизија се распределуваат за бруто плата на персоналот кој учествувал во ревизија. Разликата за исплата, која се додава на аконтативниот износ за месец декември, се распределува помеѓу ревизорскиот тим врз основа на процентуално учество во потрошените часови за ревизија и тоа:

- овластен ревизор тим лидер на најмалку 30% од ангажманите 15%
- асистент во ревизја 13%
- друг помошен персонал 10%

процентите се пондерираат со коефициентот на времето за учество во ревизија.

Поединечно остварените часови се пондерираат со цена на час на ангажман по следниве вредности:

- овластен ревизор тим лидер на најмалку 30% од ангажманите 25€/час
- асистент во ревизја 20€/час
- друг помошен персонал 18€/час

Најнискиот добиен износ е коефициент 1 врз основа на кој се пресметуваат коефициентите на останатите од ревизорскиот тим и во тој однос се распределуваат средствата за бруто надградба на декемвриската плата.

Со посебна одлука на носителот на фирмата можат да се пресметуваат и исплаќаат други износи, како што се бонуси, новогодишни надоместни, регреси за годишен одмор, јубилејни и други награди.

*Гевгелија, 24.03.2016 година*

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија
управител
*м-р Ристо Котев*

Трговец поединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев Гевгелија

*Т П ЗА РЕВИЗИЈА **КОТЕВ** – Гевгелија*
*улица "Јосиф Јосифовски" број 6*
*тел. 070 218 422; факс 034 611-155*
*E-mail: kotev@t-home.mk*
*www.revizijakotev.com*

**Изјава на овластеното лице на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот**

Изјавувам дека политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контролата на квалитетот на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија функционираат на ефективен начин, така што се обезбедува разумна сигурност дека ТП и ангажираниот персонал се усогласени со регулаторните и законските барања и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Гевгелија, март 2016 година

Управител,
м-р Ристо Котев

Трговец поединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев * Гевгелија *

Т П ЗА РЕВИЗИЈА **КОТЕВ** – Гевгелија
улица "Јосиф Јосифовски" број 6
тел. 070 218 422; факс 034 611-155
E-mail: kotev@t-home.mk
www.revizijakotev.com

**Изјава на овластеното лице на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за независното работење и спроведување на интерните процедури**

Согласно барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители и домашната законска регулатива ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија има сопствена методологија и интерни процедури за поквалитетно извршување на работните задачи од страна на персоналот.

Изјавувам дека усвоениот систем на интерна контрола и процедурите за проверка за усогласеноста на независноста во целост ги задоволуваат меѓународните, домашните и интерните стандарди за квалитет и дека истите доследно се спроведуваат.

Гевгелија, март 2016 година

Управител,
м-р Ристо Котев

Трговецпоединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев Гевгелија

*Т П ЗА РЕВИЗИЈА* ***КОТЕВ*** *– Гевгелија*
*улица "Јосиф Јосифовски" број 6*
*тел. 070 218 422; факс 034 611-155*
*E-mail: kotev@t-home.mk*
*www.revizijakotev.com*

***Изјава на овластеното лице за политиката на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија за континуираното професионално усовршување***

Во функција на унапредување на квалитетот на персоналот ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија има усвоено политика на континуирано професионално усовршување која се сотои од следниве сегменти:

- *Посета на задолжителен број часови организирани од ИОРРМ*
- *Посета на семинари организирани од консултантски куќи*
- *Предавања организирани во рамките на ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија*
- *Предавања од надворешни предавачи*
- *Користење литература од областа на ревизијата*

Изјавувам дека усвоениот систем на политики и процедури за едукација на персоналот во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет и истите доследно се применуваат.

*Во текот на 2015 година организирани се, односно посетени, вкупно 21 настан при што овластениот ревизор беше посетител на 9 настани со вкупно 70 часа, асистентот во ревизија беше посетител на 14 настани со вкупно 40 часа и помошниот персонал-овластен сметководител беше посетител на 5 настани со вкупно 22 часа.*

*Гевгелија, март 2016 година*

*Управител,*
*м-р Ристо Котев*

Трговец поединец за ревизија КОТЕВ Ристо Костадин Котев * Гевгелија *